З А П И С Н И К

од деветнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

деветнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 19.11.2019 година, со почеток во 17:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Стевица Јосифовски, претседател
2. Горан Велинов, член
3. Дешира Имери, член
4. Гордана Клинчарова, член
5. Сашо Димитријовски- Директор на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Бојана Стефановска- Советник за правни работи-во својство на записничар,

Членот на комисијата Ервин Реџепагиќ беше оправдано отсутен.

На состанокот беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за деветнаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од осумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата;
3. Произнесување на Директорот на Агенцијата по донесениот заклучок за поведување на постапка за негово разрешување;
4. Предлог за отпис на расходувани средства по извршена проценка;
5. Предлог измена на Правилникот за плати и на други надомести на агенцијата за електронски комуникации;
6. Барање за донација од Универзитетот на југоисточна Европа;
7. Барање за донација од Меѓународниот Балкански Универзитет;
8. Разно.

Претседателот на Комисијата ја стави првата точка за разгледување, усвојување на дневниот ред, по што сите членови гласаа за и бидејќи е едногласно усвоен, комисијата започна со работа.

Записникот од предходниот состанок беше усвоен од страна на членовите на Комисијата.

По однос на третата точка претседателот зеде збор кој истакна дека на 04.11.2019 година Директорот на Агенцијата достави писмено произнесување во врска со заклучокот за започнување на постапка за негово разрешување. Во писменото произнесување Директорот на АЕК наведува дека донесениот заклучок е незаконски бидејќи е спротивен на деловникот за работа на Комисијата на АЕК, односно спротивен на Законот за електронските комуникации. Истиот смета дека наводот содржан во Заклучокот за тоа дека неговата сопруга работела на раководно место во еден од операторите е неоснован од причини што неговиот брачен другар ниту работел во операторот на раководна функција ниту работел на раководна функција во текот на неговиот мандат. За истиот приложува соодветни докази и тоа:

- Потврда издадена од 10.09.2019 година.

Оттука Директорот на АЕК смета дека не се исполнети условите од Законот за електронски комуникации и Статутот на АЕК за наводна неспоивост на неговата функција со работното место на неговиот брачен другар. Притоа во признесувањето Директорот на АЕК се повикува на соодветни одредби од Статутот на АЕК и Законот за елкетронски комуникации.

Во поглед на останатите наводи истиот смета дека се законски ирелевантни.

Предлогот за разрешување Претседателот го стави на гласање по што Комисијата не го усвои предлогот за разрешување на Директорот на АЕК од причини што двајца од присутните членови гласаа ПРОТИВ, а двајца од присутните членови беа ВОЗДРЖАНИ.

Постапката за разрешување на Директорот на АЕК се ЗАПИРА.

По однос на четвртата точка - Предлог за отпис на расходувани средства по извршена проценка, Претседателот откако ги запозна членовите со доставениот предлог и даде збор но бидејќи никој не побара го стави предлогот на гласање и Комисијата едногласно се усвои.

По однос на петтата точка – Комисијата донесе одлука оваа точка да биде одложена за првата седница во 2020 година.

По однос на шестата точка Комисијата го разгледаа барањето од Универзитетот на Југоисточна Европа, тројца од четворица присутните членови на Комисијата гласаа да се усвои барањето, додека пак членот на Комисијата Дешира Имери како академски советник на факултетот на Современи науки и технологии согласно ЗЕК и Статутот на Аек се иззема од гласањето. Со тоа се смета дека одлуката е усвоена.

По однос на седмата точка барање за донација од Меѓународниот Балкански Универзитет Комисијата го усвои барањето.

Разно- под оваа точка Претседателот предложи да се усвои барањето за донација доставено на 18.11.2019 поднесено од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот Св Кирил и Методиј - Скопје. Барањето за одобрување се стави на гласање и тројца од присутните гласаа ЗА, додека членот Горан Велинов се иззема од гласањето.

По однос на барањето од Железничко планинарско здружение Китка, Комисијата донесе одлука да се информираат дека средства за ваков вид на донации нема предвидено во Агенцијата.

По ова состанокот на комисијата заврши во 19:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_____

Горан Велинов, член_____

Гордана Клинчарова, член_____

Дешира Имери, член _____

Наш број_____

Скопје 19.11.2019 год.